**ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број 20-11/ февруари 17,2011 година

# ЕКИПЕН КУП НА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, 12-13 март 2011 година**

1. Купот на ШФМ за 2011 година ќе се одржи на 12-13 март 2011 година, во просториите на хотел „Континентал“ во Скопје, во организација на Шаховската федерација на Македонија.
2. Техничката конференција ќе биде на 12 март(сабота) во 15,00 часот.Потоа започнуваат натпреварите (до околу 20,00 ч.) .Турнирот продолжува на 13 март(недела) во 10,30 часот.
3. Купот на ШФМ е од отворен карактер.Право на учество имаат клубови регистрирани при ШФМ и екипи од претпријатија,АД,училишта,факултети,АРМ итн.
4. Уписнината изнесува 1.000,00 денари по екипа, која треба да се уплати пред почетокот на натпреварите, во готово или на жиро сметка :

   Шаховска федерација на Македонија
   Жиро сметка: 210051406250151
   НЛБ Тутунска банка АД – Скопје
5. Екипите за Купот на ШФМ се составени од 4(четири) играчи и една резерва.Во екипите можат да бидат пријавени и шахисти од странство, со право на настап од најмногу двајца по меч.
6. Темпо на игра: 15 минути по играч до крајот на партијата, со додаток од 10 секунди за секој одигран потег.
7. Се игра по Правилата на ФИДЕ за забрзан шах.
8. Системот на натпревари (по Швајцарски или Бергеров систем) се одредува во зависност од бројот на пријавените екипи. Ако тој не е поголем од 10, се игра по Бергеров систем (секој со секого).За 11-14 екипи ќе се игра по Швајцарски систем од 6(шест), за 15 до 18 екипи ќе се игра по Швајцарски систем од 7(седум), а за 19 или повеќе екипи по Швајцарски систем од 9(девет) кола.
9. Пријавување на екипите(заедно со составот) најдоцна до 11 март 2011 година.
10. Се игра по бод систем.За победа во мечот (4:0; 3,5:0,5; 3:1 и 2,5:1,5) се добиваат два бода, а за нерешен резултат(2:2) еден бод.При еднаков број бодови одлучува:
    1. Вкупен број на освоени поени
    2. Резултат од меѓусебни средби
    3. Подобар успех на сите табли на целото натпреварување (1.табла се бодува со 100 поени, 2.табла со 92 поени, 3.табла со 86 поени, 4.табла со 82 поени)
11. Награден фонд: 54.000,00 денари
    1. место 24.000,00
    2. место 18.000,00
    3. место 12.000,00
12. Наградите не се делат.

Скопје, 17.02.2011 година

Шаховска федерација на Македонија
Иван Кочовски,стручен секретар

Address: Skopje 1000, sala KK Rabotnicki gradski park bb,p.fax 5, Macedonia | fax +389 2 3220 750 |
email: chessmkd@t-home.mk | website: www.chess.com.mk |